**Година 2005,** јануари, број 35

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

---

## АКТИВНОСТИ

Иако се наоѓаме во периодот на зимската пауза, бројни активности се пред нас.

Интензивно се одвива реализацијата на последните проверки на знаењата на студентите и на планираните активности во XVI, XVII и XVIII недела од првиот семестар по новите студиски програмии. Со внесувањето на оценките во индекс, студентите од првиот семестар ги освоија и првите кредитни поени.

Интензивно се работи и на оформувањето на водичот за студирање во вториот семестар.

## ДОНАЦИЈА

На МФС е пристигната донација во вредност од 200 000 долари во компјутерска опрема од страна на e-BIZ (USAID) за формирање на JAVA лаболаторија и центар за напредни инженерски технологии.

Проектот го водат д-р Кларис Молад и д-р Атанас Кочов во рамките на нивните активности како фулбрајтови стипендисти.

## НОВИ КОМПЈУТЕРИ

Во тек е осовременување на компјутерската опрема во Сметачкиот Центар на МФС. Набавени се нови персонални компјутери кои ќе бидат ставени во функција за летниот семестар.

## WORKSHOP

Минатата сабота и недела, 22 и 23.01.2005 при Катедрата за индустриско инженерство и менаџмент германски предавачи одржаа workshop за интердисциплинарни знаења кои треба да ги имаат инженерите.

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА

На 03.02.2005 во просториите на МФ со почеток во 13 часот ќе се оддржи презентација на Институтот за акредитација со цел запознавање на вработените со постапката за акредитирање на лаборатории.

## ГОСТУВАЊЕ НА ЈАПОНСКИ ЕКСПЕРТ

Во тек е работата на јапонско-македонски проект и за чија реализација јапонски експерт во минатата година престојуваше подолго време, а во оваа истиот ќе има уште неколку подолги престои при Катедрата за индустриско инженерство и менаџмент. Првиот од овие престои започна да се реализира од 21.01.2005.

## ПРОЕКТ BWB

На 13.01.2005 на МФС беше извршена презентација на проектот бизнис без граници (BWB) под покровителство на британскиот совет. Група од 30 до 40 студенти ќе земат активно учество во двогодишниот проект чија цел е промовирање на претприемаштвото и можностите за основање и водење на сопствен бизнис.

## TIMES 2005

На овогодишните локални квалификации за TIMES (Turnament in management and engineering skills) победи тимот од 4-та година ИИМ во состав Б.Јованоски, Д. Блажески, Т. Ризов и М.Бубевски. Тие ќе учествуваат на полуфиналето во Виена кое ќе се одржи од 9 до 12.02 во конкуренција со 12 други универзитетски тимови од Европа. Патот до Виена е спонзорство од Мобимак.

## ПРОМОЦИЈА

Традиционално, промоцијата на дипломирани студенти ќе се одржи во последниот петок од зимскиот распуст. Овој пат тоа е на ден 11.02.2004 во 11 часот во амфитеатарот. Во истата прилика ќе бидат доделени и награди на најуспешните во студирањето и во другите активности.

Координатор на оваа активност е продеканот за настава, проф. д-р Добре Рунчев. Подготовките веќе се во тек.

Присуството на наставниот кадар и останатите вработени на овој настан е повеќе од пожелно.

## ДОКТОРСКИ СТУДИИ

Асс. м-р Ристо Филковски, успешно ја одбрани својата доктор-ска дисертација на ден 18.01.2005.

**Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата**

## ПОПИС

Во тек е извршување на пописот. Членовите на комисијата за попис веќе го врши пописот. Централната пописна комисија врши надзор и координација на пописот и на крајот ќе изврши финално ажурирање на истиот. Очекуваме максимална соработка од сите вработени.

## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р Делчо Јованоски, на 8.12.2004 год. оствари службено патување во Бугарија заради студиски престој на Факултетот за германско инженерство при Техничкиот факултет во Софија.

2.Проф. д-р Предраг Поповски и проф. д-р Атанаско Тунески, на ден 19.01.2005 год. остварија службено патување во Грција со цел водење рсзговори со колегите од Аристотел универзитетот во Солун, за продолжување на активностите за заедничка соработка.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

27.01.2005
4 СЕДНИЦА НА ННС

11.02.2005
ПРОМОЦИЈА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ
*(амфитеатар, почеток во 11 часот)*

24.02.2005
5 СЕДНИЦА НА ННС

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИК
ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

*Тони Манцуковски*
*Борис Рошков*